Maja Stefanovska
3 -19.II.1999
CIX Gallery

U



# Маја Стефановска
# Maja Stefanovska



Maja Stefanovska
3 -19.III.1999
CIX Gallery









Симболичното насловување на проектот, со знак или буква, едноставно ´´U´´, има универзално значење. Всушност, **U-you** ја претставува целната публика на која и се обраќа авторот преку инсталацијата и видеото. Тука не станува збор за публика која е избрана да го проследи случувањето, тука се случува нешто што би можело да биде искуство, фрустрација или предрасуда од секаков вид на било кој човек. Индивидуалното и личното станува колективно, сопственото станува сечие.

Една ситуација, чисто субјективна е претставена со констелација на нештата во која секој реципиент може да се препознае, да се пронајде и да се постави онаму каде припаѓа.

Инсталацијата е поставена на начин кој претпоставува нејзино перципирање од непосредна близина. Блискиот контакт буди импулс за конструктивна активност или размислувањеза она што е дадено како можна варијанта на избор. На почетокот се чини едноставно да се разбере една од малкуте алтернативи, но потоа како последица на направениот избор, ситуацијата се усложнува, се создава конфузија, притисок и видлива напнатост, а тоа авторот го постигнува со интензивен колорит и претставување на затворена геометриска форма. Во видеото пак истата состојба е изразена со ненадејно и брзо ширење на интензивна боја.

Во вториот дел на анимираниот филм, свесноста за направениот избор и произлезените последици, се издигнува на повисок степен. Работите се гледаат од страна, од дистанца и се станува појасно, па зголемената енергија може да се почувствува во брзото зборување, нејасни звуци и шумови, како и лулањето кое и покрај тоа што асоцира на нестабилност сепак е безгрижно, бидејќи начините на соочување и носење со проблемот се веќе откриени.

Поуката извлечена од крајната неподносливост на претходните случувања, сепак не е вечна, ниту пак конечна. Токму затоа, повторно се враќате онаму каде што започнавте, кај високите, нестабилни масички, во едно повторно себеиспитување и барање нов предизвик.

Весна Стефановска



The symbolic title of the project, by the symbol or letter, simply "**U**" carries a universal meaning. Its a matter of fact, **U-you** represents the entire public who the author addresses through the installation and the video. This is not about a public who is chosen to follow the happening out, but it is rather about a human experience, frustration or prejudice of any kind.

A situation, purely subjective, is represented with a constellation of things in witch each recipient can recognize himself, can find and place himself where he belongs.

The installation is set up in a way, which assumes in perception from near. The close contact awakes an impulse for constructive activity or thinking of what is disposable as possible variant of choice. It seems to be plain to choose one of the few alternatives at the beginning, but afterwards as a consequence of the choice made, the situation becams complex, there is confusion, pressure and visible tension, which the author accomplishes by an intensive color and representation of closed geometrical form. Regarding the video the same state is expressed by sudden and quick spreading of the intensive color.

In the second part of the animated film, the consciousness of the fulfilled choice and apparent consequences raises to a higher degree. The works are viewed from a side, from a distance and everything becomes clearer, so the increased energy can be felt in the fast speaking, vaiq sounds and glamour as well as swinging which apart from an association with instability still is careless, for the ways of facing with the problem and its solving are already found.

The moral withdrawn from the utmost intolerance of the prior events yet is not neither eternal nor definite. Therefore, you go back where you have started, at the tall, unstable tables, in recurring self-examination and searching for new challenge.

Vesna Stefanovska



Маја Стефановска
Родена во Скопје 1972 год.
Дипломирала на факултетот за ликовни уметности во Скопје во 1996 год. во класата на проф. Рубенс Корубин
Адреса: Бул. Партизански одреди 68а, Скопје, Република Македонија.
Тел.: + 389 (0)91 37 23 06

e-mail: pitaburek@yahoo.com

Maja Stefanovska
Born in Skopje 1972
Faculty of fine art in Skopje in the class of prof. Rubens Korubin
Address: Blvd. Partizanski odredi 68a, Skopje, Republic of Macedonia.
Tel.: +389 (0)91 37 23 06

Издавач: Центар за современи уметности - Скопје (ЦАЦ);за идавачот: Милентие Пандиловски;
текст: Весна Стефановска; превод на Англиски: Марина Ристеска; слајдови: Александар Јованов; ликовно и техничко обликување ´´ДСД´´&´´Сандвик´с´´; печат: ´Графотрејд´´; тираж: 600
published: The Contemporary Art Center - Skopje; editor in chief: Milentie Pandilovski; text: Vesna Stefanovska; translated into English: Marina Risteska; slides: Aleksandar Jovanov; lay-out: "DSD"&"Sandvik's"; printed by: "Graffotrade"; copies: 600
ISBN 9989-745-38-2 1999 by CAC - Skopje

CAC
the contemporary art center